КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број:02-225/4
Датум: 28.3.2013 год

Врз основа на точка 24 од член 15 и член 32 од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на 28.3.2013 година донесе

## Правилник
## за мирување на членството во Комората

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот на остварување на правото на овластените архитекти и овластените инженери на мирување на членството во Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, (во натамошниот текст: Комората).

### Член 2

Членството на овластениот архитект или овластениот инженер во Комората му мирува во следните случаи:

1. кога е донесено правосилно решение за привременото одземање на овластувањето за времето за кое истото е одземено,
2. кога му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејноста за времето додека трае мерката,
3. на негово лично барање,
4. во други случаи определени со закон и со Статутот на Комората.

### Член 3

Решение за мирување на членството на овластениот архитект или овластениот инженер во Комората донесува Претседателот на Управниот одбор на Комората врз основа на правосилно решение за случаите утврдени со точките 1, 2 и 4 од член 2 на овој правилник, односно на барање од точка 3 на член 2 од овој правилник.

Против решението од став 1 на овој член, овластениот архитект или овластениот инженер има право на жалба до Управниот одбор на Комората.

### Член 4

За време на мирување на членството во Комората, овластениот архитект или овластениот инженер не смеат да ги користат овлас-

тувањата издадени од Комората и истите (овластување и печати) ги доставуваат до Комората на чување.

Овластениот архитект или овластениот инженер во периодот кога му мирува членството во Кората не плаќа членарина во цел износ.

Со решението за мирување се определуваат: износот што треба да се плати на име на заостанат долг (неплатена членарина), доколку постои, и намалениот изност на членарината за време на мирувањето.

Член 5

Овластениот архитект или овластениот инженер во барањето од точка 3 од член 2 треба да ги наведе времето за кое бара да му мирува членството, како и причините поради кои бара да му мирува истото и по можност да приложи документ со кој ќе го поткрепи своето барање за мирување.

Член 6

Мирувањето на членството во Комората може да трае најмногу до истекот на периодот за кој е издадено овластувањето. Ако рокот на мирување е подолг од периодот за кој е издадено овластувањето, овластениот архитект или овластениот инженер потребно е да поднесе барање за обновување на постоечкото овластување, согласно Законот за градење и Статутот на Комората.

Член 7

Барањето за мирување на членството на странските овластени инженери и овластени архитекти со потврдени овластувања, може да го поднесат лично, или одговорното лице каде што били вработени овластениот странски инженер или овластениот архитект.

Член 8

Мирувањето на членството во Комората може да престане и пред истекот на времето определено со Решението за мирување, на барање од овластениот архитект, односно овластениот инженер.

По престанувањето на мирувањето, овластениот архитект односно овластениот инженер повторно ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од членството во Комората.

Член 9

Овој правилник стапува на сила со денот на донесувањето, а се објавува во гласилото на Комората *Пресинг* и на веб страницата на Комората.

Претседател на УО
Блашко Димитров, дипл. град. инж.